**Организација за колективно управување на правата на производувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи ММИ Скопје**
Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов,
бр. 149, влез 4-4, 1000 Скопје
Тел +389 70 273 818, www.mmi.mk, info@mmi.mk

# Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј

**за 2023 година**

**Содржина:**

1. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ММИ за 2015 година,
2. ЧЛЕНСТВОТО НА ММИ
3. ПРИЈАВА НА НОВИ ДЕЛА
4. РАСПРЕДЕЛБА 2015
    1. Фонд за распределба - дефинирано користење
    2. Фонд за распределба - недефинирано користење
    3. Општа распределба
5. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

## 1. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ММИ

Организацијата за колективно управување со правата на уметниците музички изведувачи и произведувачите на фонограми ММИ Скопје, во изминатата 2023 година врз основа на Законот за авторското и сродните права (ЗАПСП), како и на Законот за здруженија на граѓани и фондации на Република Северна Македонија работеше на задачите за остварување на правата на уметниците музички изведувачи и правата на произведувачите на фонограми.

Како и во 2022, изминатата 2023 година помина во исчекување на спроведувањето на измените и дополнувањата на Законот за изменување и дополнување на законот за авторското право и сродните права, а со тоа не се оствари можноста за аплицирање за нова дозвола за работа на Организацијата, кај Министерството за култура на Република Северна Македонија.

Сепак динамиката на обврските на Организацијата беа поделени во неколку сектори и се одвиваа во континуитет и според приоритетите.

## 2. ЧЛЕНСТВОТО НА ММИ

Секторот при стручната служба, кој ја води регистрацијата на носителите на правата, продолжи со активна работа со цел на анимирање и зголемување на членството на ММИ, како од редот на произведувачите на фонограми, така и од редот на уметниците музички изведувачи.

Во однос на последната вонредна распределба направена во текот на 2018 година, состојбата со членството на според податоците од базата на ММИ до крај на 2023 година е следново:

Вкупно носители – членови: 705 (2018 - 674), има зголемување на бројот за 31 членови, од кои Произведувачи – членови: 254 (2018 - 242), има зголемување на бројот за 12 членови; Изведувачи: 451 (2018 - 432) има зголемување на бројот за 19 членови.

## 3. ПРИЈАВА НА НОВИ ДЕЛА

Во текот на 2023 година, во базата на фонограми на ММИ се пријавени 27.753 фонограми. Во претходниот период од ЈП МРТ, ја достави целокупната база на фонограми во нивна продукција од основањето до денес, со што базата на ММИ ќе многу поголема, бидејќи има уште 15.000 фонограми кои треба дополнително да се внесат во базата на ММИ. Воедно, после периодот на објавување на непрепознаени дела емитувани во период 2015 година, беа дополнително пријавени дела и со додавање на овие дела базата би требало да брои над 45.000 пријавени дела.

Во базата на фонограми покрај фонограмите на ЈП МРТ се застапени и фонограми од традиционални музички фестивали:

- Фестивал на забавни мелодии Макфест,
- Скопски Фестивал,
- Цветници,
- Фолк фест Валандово,
- Охрид-фест – Охридски трубадури,
- Нота Фест,
- Златно славејче,
- Поточиња,
- Супер ѕвезда и други.

Од странските продуценти се застапени : Sony Music, Warner, Poligram, Croatia records, Menart, Universal Music, кои дополнително пријавија свои каталози и базата има над 2.500.000 странски фонограми.

Стручната служба констатираше дека постојат голем број на пријави по два или повеќе пати од разни изведувачи и носители на права. Таквите пријави во ММИ во секторот за документација се водат како дупликати. Согласно членот 24 од правилникот за распределба на ММИ - Скопје при дополнителната обработка на истите, состојбата драстично е намалена.

Исто така, се констатираше дека постојат пријави кои не се комплетни како на пример пријавите каде биле посочени имињата на музичките групи, оркестри и бендови а не биле запишувани имињата и бројот на членовите. Поради тоа, стручната служба пристапи кон процесот на докомплетирање на некомплетните пријави и голем дел од пријавите се веќе комплетирани. Во базата, сеуште има пријави за кои нема информација за комплетноста на податоците и како таква се означува со ознаката некомплетна пријава. Моментално станува збор за околу 300 такви пријави. Истите во текот на распределбата ќе бидат означени и со износот на надоместокот кој им следува и ќе се чуваат додека не се комплетираат.

## 4. РАСПРЕДЕЛБА 2015

Во однос на фондот за распределба, фондот за распределба на надоместоците се врши врз основа на принципот на користење на фонограмите, а согласно евиденциите и податоците за емитување доставени од радиодифузерите и другите корисници кои согласно ЗАПСП и Правилникот за утврдување на висината на надоместоците за користење на фонограми.

1. Фонд за распределба - дефинирано користење

   Во претходниот период, за користење на фонограмите, се утврдени податоци за емитување од дефинирано користење, доставени од радиодифузерите: ЈП МРТ и АЛФА ТВ. Вкупниот фондот изнесува 25.851.920,00 денари, откако се одбиени 15% за покривање на вкупните трошоците за работа на организацијата може да се користат средства од прибраните надоместоци.

Според наплатените средства фондот од дефинирано користење изнесува:

| Име | Сума | Времетраење секунди | Основен коефициент |
|---|---|---|---|
| Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје | 24.712.843,00 | 46,684,648 | 0.52935695 |
| АЛФА ТВ | 1.139.077,00 | 349.480 | 3.25934674 |

2. Фонд за распределба недефинирано користење

Во претходниот период, од 1.1.2019, прибрани се надоместоци по основ на судски пресуди, како и останати нераспределени средства во износ од 2.787.250,00 денари – паушали. Овие средствата односно паушални износи, се распределуваат меѓу произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи, сразмерно на исплатата на надоместокот кои тие го оствариле согласно со податоците за користени дела согласно евиденцијата а во согласност со Правилникот за распределба.

Исто така, по судска одлука на Виш Управен суд, износот од 5.348.899,00 денари, а се однесува на средства прибрани од ММИ за произведувачи на фонограми, пред формирањето на сегашната Организација, средствата кои се прибрани, со одлука на УО од 06.06.2023, за формирање на фонд за распределба, се однесува исклучиво за произведувачи на фонограми, бидејќи бил прибран само за произведувачи на фонограми. Овие средствата, односно паушални износи, во износ од 70% се распределуваат меѓу произведувачите на фонограми, а останатите 30% се распределуваат подеднакво на сите произведувачи на фонограми чии фонограми и изведби се застапени во евиденцијата на носители на права на ММИ, согласно пријавите поднесени во согласност со Правилникот за распределба.

Во фондот за недефинирано користење – паушали, се додаваат и средствата прибрани по основ на камати, во износ од 1.297.493,00 денари. Овие средства, се распределуваат меѓу произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи во согласност со Правилникот за распределба.

Остатокот од од 30% се распоредуваат во фондот за рамномерна распределба на сите произведувачи на фонограми и уметници музички изведувачи чии фонограми и изведби се застапени во евиденцијата на носители на права на ММИ, согласно пријавите поднесени а во согласност со Правилникот за распределба.

3. Општа распределба

Земајќи ги во предвид горенаведените факти, се усвои општата распределба за прибраните надоместоци од ЈП МРТ и АЛФА ТВ за 2015 година според утврдениот фонд во бруто износ:

1. **Вкупен фонд за распределба ЈП МРТ**:
   - Изведувачи со пресметани и додадени паушални износи: 13.816.113,00 денари. Вредност на коефициент по секунда: 0.29595 денари.
   - Продуценти со пресметани и додадени паушални износи: 17.395.365,00 денари. Вредност на коефициент по секунда: 0.37261 денари.
2. **Вкупен фонд за распределба АЛФА ТВ:**
   - Изведувачи со пресметани и додадени паушални износи: 636.819,00 денари. Вредност на коефициент по секунда: 1.82219 денари.
   - Продуценти со пресметани и додадени паушални износи: 801.796,00 денари. Вредност на коефициент по секунда: 2.29425 денари.
3. **Рамномерна распределба**

Согласно Правилникот за распределба, утврден е фондот за рамномерна распределба:

- Изведувачи: 1.614,00 денари.
- Продуценти: 10.523,00 денари.

**5. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

Во презентираните финансиски извештаи приходите и расходите на ММИ како непрофитна организација, а во согласност со член 13 став 3 од Законот за сметководство на непрофитни организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, доколку се наплатени (приходи ) во пресметковниот период (до 31 декември во тековната деловна година), овој финансиски извештај се опфатени  приходи и расходи кои се наплатени односно платени до 31 декември 2023 година.

Во текот на периодот 1 Јануари – 31 Декември 2023, според финансискиот извештај и завршната сметка се евидентирани вкупни приходи од 4.903.963,00 денари. Во однос на расходите, соглед дека ММИ располага со соодветен фонд извоен од вкупните наплатени средства согласно Законот, односно 15% од прибраните приходи, ММИ ги користеше и сеуште ги користи овие средства и вкупните расходи за 2023 година изнсуваа 2.647.866,00 денари.

Билансот на состојба, според завршната сметка за 2023 година изнесуваше, вкупно парични средства  од 28.619.998,00 денари.

Стручна служба на ММИ
Извршен директор
Војислав Стојановиќ